СВЕТИСЛАВ РАКИЌ

# СЕ ВИКАМ МИКИ

РАСКАЗИ



СВЕТИСЛАВ РАКИЌ

# СЕ ВИКАМ МИКИ

*раскази за деца*

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

БИБЛИОТЕКА “ *ВИНОЖИТО* “

- литература за деца -

*ДА МОЖАМ*

***На децата во Специјалната***

***детска болница во Охрид***

*Да можам, да можам*

*в плуг да ги впрегнам ветриштата диви,*

*да изорам ридје, планини и ниви ,*

*од смеа  и радост да посеам семе*

*да отерам в неврат вашето бреме*

*Да можам , да можам,*

*од молњата лута небо што пара*

*да исковам меч ко в приказна стара,*

*да сотрам ламја полет што ви кочи-*

*да огреат сонца од вашите очи .*

*Да можам, да можам,*

*од срцето, молкум со вас што страда*

*да разгорам оган – семоќна клада ,*

*да пеплосам пиреј, прга што ви гуши*

*да расцутам рози во вашите души.*

*Да можам, да можам…*

СВЕТИСЛАВ РАКИЌ

# Се викам Мики

- раскази за деца-

*МАЛО СОНЦЕ*

ШТИП 2008

На син ми Мики

и на сите наследници

на рајот



# Се викам Мики

Во Соборниот храм, велелепното камено здание, црквата Света Богородица, во Ново Село  штипско, свештеникот Стојмир, пред малку повеќе од осум години ме завел во црковната книга на родените под крсно име Милан. Името со краснопис ми е извезено во книгата но тато, мама и сите што доаѓаат кај нас ме викаат Мики.Не ми пречи што ме викаат така, иако под тоа име не сум заведен во ниедна книга. Ми се допаѓаат и двете имиња. Впрочем, името не би требало да му прави проблеми  на човек. Верувам дека нема таков човек на светот кој е несреќен поради своето име. Имињата постојат заради евиденција и за тоа, да се одѕиваме кога ќе ни се обратат.

Значи, се викам Мики и имам осум години и згора некој месец.

Уште имам:

Очи

Глава

Раце

Нозе

Уши

Нос

Уста

Не сум паднат од Марс и не се разликувам од   другите деца, само што судбината ме лиши од задоволството да трчам во паркот, да играм топка, да возам велосипед, да си доаѓам со скинати панталони, да крадам

залени сливи, да берам цвеќе за мама, да му купувам  цигари на татоВрзан сум за мојата количка и затоа немам другарчиња со кои ќе ги откривам тајните на детството, ќе ги делам играчките  што ги добивам за роденден, ќе ги разменувам лектирите и ќе ги пишувам домашните задачи. Но, и покрај се, силно му се радувам на животот: се радувам кога мама и тато ме шетаат со количката, кога разговарам со нана по телефон, кога го пречекувам тато од работа, кога гледам фудбал на телевизија, кога се возиме со вујче во неговото Пунто со темнозелена боја      Ме радува уште и песната на птиците во раните пролетни утра, сонцето што влегува тивко низ прозорецот во мојата соба и, скокоткајки ми ги образите, ме буди од сонНо најмногу од се ме радува помислата дека мама и тато ме сакаат, ме сакаат, ме сакаат Колку ли ме сакаат? Во километри тоа би изгледало вака: од овде до небото, трипати околу сонцето, десетпати околу месечината и стопати назад. А тоа ми е најважно.

Да, животот е убав. Без разлика на се. Еднаш ни се дава и  затоа треба да му се радуваме на секој негов миг. Тој неповратно истекува од големата дупка во бочвата на времето.

# Инает

- Можам!

- Не можеш!

- Е можам!

- Е не можеш!

- Ај дека можам!

- Ај дека не можеш!

Инаетот го надвакса стравот во него и Мики без двојба притисна силно со ногата на курблата од моторот. Во истиот миг машината се закашла кратко, сосема кратко, па тивко, рамномерно завезе.

- Ти реков дека вујче има ист ваков мотор! се возгордеа Мики; неговите десет години беа нababрени од гордост.

Од очите на Павле, неговото другарче, се точеше восхит.

- Дај му туражаг! предложи тој.

Тоа беше доволно. Во следниот миг машината зарика диво, како некое спобеснето добитче низ свиленестиот воздух на есенското пладне, така што неколку врапчиња однесоа уплав со крилцата од крошната на блискиот багрем. А потоа, дали од од жал за врапчињата или пак од протест, машината се закашла старечки два три пати, па замолкна. Токму кога Мики сакаше да се надмине себеси и во сопствените очи и да рече:

Умеам и да го возам!г.

- Го расипа... - изусти бескрвно Павле: дури и гласот му беше некако блед и бескрвен.

Мики гледаше немо, со неразбирање, ту во расипаниот мотор, ту во своето онемено другарче.Пак притисна на курблата, па уште еднаш...

- Да бегаме!  заличе Павле на купче паника.

- Не е фер...  изусти Мики  анемично од длабочините на својата замелушеност, како од некој длабок, темен бунар. А сакаше и тој да побегне, ама едно сила, наречете ја совест или чесност, или не знам како, просто го закова за местото на злосторот.

- Не биди луд!  го повлече Павле за ракавот, - Го знам убаво човекот... Ушите ќе ни ги исече ако не најде овде.- И не чекајќи Мики да се премисли, почна да се оддалечува назадечки, па се сврте и му ја удри трчаница.

Виновен сум!,помисли Мики, И ќе платам за мојата вина...Ако, така и ми треба кога сакам да се правам важен!, скоро заплака во душата.

Мигот го скамени времето. Го окова со истите окови со кои мразот зиме го оковува жуборот на рекичките. Сето постоење на Мики во тие скаменети мигови се преточи една мисла  што навистина ќе се случи кога ќе се појави сопственикот на моторот?

Што сака нека се случи  виновен сум!, признаваше напати во себе, ама напати стравот толку раснеше  во него што го исполнуваше со слепа паника, па му доаѓаше да побегне, како што направи Павле.

Не знаеше колку време беше поминало од тој миг до мигот кога го сепна еден топол, машки глас:

- А што си се пак ти толку наоблачил, малечок?

Од тој глас  се разлејаа шурки пролетно сонце, но Мики истрпна, се стресе. А кога го крена погледот тој виде  пред него како од самата земја  изникнал некаков млад човек: крупен, висок, со брадосано лице...

- Чичко јас... јас не сакав...  се поткрена Мики: седеше до тогаш на чантата, нурнат со грижните мисли во дланките.

- Што, не сакаше?  реакцијата на Мики го збуни младичот.

Мики ја наведна главата, така што  ситното лице скоро му се засолни потполно од очите на младичот. Со испретумбани реченици почна да му раскажува за инаетот, за глупавата гордост, за тоа како го запали моторот, како тој се расипа, како Павле побегна и го остави сам...

- А ти, зошто ти не побегна?

- Оти не е фер да се бега од вината!  врати Мики, се така, и понатаму без сила да го исправи вратот и да ги одлепи очите од врвовите на патиките.

Младичот впери пријатно изненадување во малечкото купче голема чесност, се почеша позади увото па рече:

- Покажи ми каде фаќаше!

Мики му покажа. Тогаш младичот едвај видливо се насмевна, па клекна покрај моторот, секунда две нешто работеше на него, после што се исправи, притисна еднаш, па уште еднаш на

курблата и моторот пак ја запеа својата весела песна.

Очињата на Мики болсна со пламен болскот. Како две малечки сонца кои  се изнемоштиле од борбата со дождоносните облаци.

Младичот го улови тој болскот. Душата му се исполни со сончевина. Потоа го опчекори моторот и му ја подаде раката на Мики.

- Ајде да го пробаме заедно!  му рече.

***********

Павле, кого силата на љубопитството го задржа подзатскриен позади ќошот на првата куќа, со горчина во гласот заклучи:

Ќе го води в полиција.

Од местото, каде што се задскриваше, тој беше сведок на се што се случуваше помеѓу Мики и младичот, но не и на нивниот разговор.

А, му кажав каков е. И впрочем, кој не виде дека ние го расипавме моторот!? Ама полн инает е. .

# Дом

Ништо не ме плаши толку многу колку тоа име Дом за деца со пречки во развојотг. Некои уште го нарекуваат и Дом за фалични децаг, или Дом за нетокму деца. Тоа се грди имиња. Нетокму и фалични се тие што ги измислуваат и што се користат со нив, оти ние сме само жртви на најсуровбата игра што можела да ја смисли во својата расипана фантазија судбината на животот.

Првпат го изговори дедо ( ако тој стар човек од сеумдесет години заслужува да го наречам така) чие име го носам ( и тоа не го заслужува).

- Алувачка ќе ви биде животот со него, слушај ме што ти велам! та ноќ, ненадејно, дедо(?) ја сврте темата на разговорот, џвакајќи го бавно со штрбите заби парчето пилишки џигер, како таа тема оддамна да му го скокоткала желудникот, па сега, охрабрен и осилен од дејството на ракијата ја изблува безобѕирно пред тато и пред мама

- Земете формулари, пополнете ги и дајте го во дом.

!!!!!!!!!!!!!!!!!

Видов: тато ја запре виличката со пилешкиот џигир на половина пат од чинијата до устата, лицето му се издолжи од вџашеност, очите му се заковаа за поганата уста што спокојно си го доџвакуваше месото со штрбите заби, без престава дека јаболкото во грлото му скока како диво ждребе затворено во тесен аргач.

- Ти не си токму! беше неговата првична реакција на гром - советот од штрбата уста, - Да си го дадам роденото дете во дом!?

- Сите ќе не заробиш со детево, - рече дедо и понатаму крајно спокојно, како да не станувашe збор за мене, неговото внуче по крв, кое го носи неговото име, туку за маче или куче, или за некое трето домашно милениче во семејство во кое најавнала најголемата сиромаштија па не можат да го одгледуваат понатаму.

- Не барам помош од никого, - врати тато, - Сум го создал - ќе си го изгледам до крај, додека век му е дадено.

- Не биле глупави тие луѓе што ги измислиле домовите!- продолжи дедо да филозофира.

- Ги измислиле оти имало такви скотови што размислувале како што размислуваш ти! пламна тато во лицето, - За да ги поправаат нивните грешки.

Таа ноќ штрбата уста последен пат џвакаше пржени пилешки џигери кај нас. Никогаш повеќе не слезе, ниту пак размени збор со тато или со мама. И мене не ми зборува. Кога седам во количката на тераста, тој поминува покрај мене како да не постојам.

Но тоа повеќе не ме погодува.

Знам дека тато никогаш нема да ме однесе во дом.

За ништо на светот нема да го направи тоа. Оти во домовите

нема топлина,

нема љубов,

нема радост.

# Снег за зимница

Глетката што му се понуди тоа утро на Мики од прозорецот, од оној прозорец што катаутро го поздравуваше раѓањето на денот загледан во бавчата задкуки, ги сомеле, ги здроби за миг парченцата од последниот сон во неговите клепки  сливата во бавчата беше бела, побела од кога и да било. А последниот пат кога таа личеше на невеста, Мики и тато ја извадија санката од подрумот и целиот ден се санкаа.

Значи - о, хо, хо! И денес ќе има санкање.

Го згужва тешкиот јорган под нозете и стана од креветот.

- Денес ќе се санкаме, денес ќе се санкаме...  запеа весело и со песничката фати правец  кујна, да го побара тато и да му ја соопшти радосната вест.

Но тука беа само мама и баба, зафатени со некаква женска работаг.

Мики ја прошета песната низ собата, ѕирна во работата на мама и баба и без застанување се упати кон дневната соба.

Мама и баба ги собраа како две желки шиите во рамењата и тивко се закикотија.

Во дневната соба, во недела, тато и дедо, по некој обичај,  го пиеја првото утринско кафе со чаша ракија и порција мезе од кисели домати и домакински муабет.

Но тато го немаше ниту овде, а дедо, кој беше новопечен пчелар, откако влезе во пензионерските води, сиот се беше престорил едно големо уво кое што не сакаше да испушти ниту зборче од неделната емисија за пчеларите.

Бидејќи тато не беше ниту овде, сега песната се прошета до бањата,но тука најде само пријатен мирис на каладонт и на лосиот за после бричење.

Сигурно е во работната соба!г, помисли Мики, оти тато беше писател и секогаш кога ќе добиеше инспирација, тој се повлекуваше во својот кабинет, седнуваше над компјутерот и со часови пишуваше. А тогаш, додека тато пишува, во таа соба не сме никој да влегува. Тоа е закон, а штом нешто е закон, тоа мора секој да го почитува. Освен Мики, се разбира. Тој не даваше ниту пет стари пари за законот на тато. Впрочем, тато инспирација може да добие кога ќе посака, ама кај се видело снег да заврнал по порачка!?

Затоа, без ронка двојба и без тропање на вратата, Мики влезе во кабинетот на тато.

- Тато, да видиш само колку снег наврнало надвор! седна тој на коленото од тато толку безгрижно и спокојно, како тоа, што му ја прекина писателската мислата на тато да беше најбезначајното нешто на светот.

Сега, тато, бидејќи не трпи да го прекинуваат додека пишува, како и секој писател, впрочем, би требало да ги собере во знак на лутина веѓите, да го збрчка челото до наоблачување па да зафрчи како бик пред црвено светло на семафор низ нос. Но наместо тоа тој намести сериозен, замислен израз во неколкуте брчки што благо му го собраа челото и со призвук на чудење праша:

- Снег!? Па уште и голем... -

- Аха! потврди Мики весело.

Тато, за секој случај, погледна мигум низ отворенио прозорецот но надвор е вистинска пролет; сонцето штедро го растура своето злато насекаде под себе, топлиот воздух внесува во собата весело црчорење на птички...

- Мило, оди шегувај се со дедо!  рече тато топло и уште потопло му ја погали косичката; знае дека до први април има уште време, - Кога ќе завршам, ќе те водам на слатки, важи?

- Не важи!  заврте Мики со главата, - Сакам да ме водиш на санкање!

- Ама кој се санкал без снег, мило!?

- Тато, надвор има многу снег! Излези да го видиш дрвото во бавчата!

Тато почна да насетува за каков снег, всушност му зборува Мики. Здив на развигорец му ја погали душата и го расположи до немајкаде.

- Мило, - рече, развигорчето од душата се разлеа низ собата со неговиот глас, - Тој снег, што ти си го видел, всушност и не е снег. Од него на есен ќе наполниме многу кошници со сливи, а мама и баба ќе ни направат компот и мармалад. Разбираш, нели?

Веселата птичка отпрвна тажно со крилцата од седалцето што си го беше направила во срцето на Мики и тој почувствува на нејзиното место една студена, длабока празнина.

- Разбирам, - рече, - Овој снег не е за санкање туку е за правење зимница.

Но таквото расположение траеше сосема кратко, зошто во следниот миг очињата  на Мики повторно  се наполнија со веселба и пак  се врати џагорот во неговото грло:

- Тато, а ако се истопи до тогаш!? Ајде да го собереме во фрижидерот!

# Најважно е здравјето

Кон крајот на месец  Мај, кај нас се јавуваат сите подзаборавени роднини и пријатели на тато и на мама. Или ни доаѓаат на гости со смоки и чоколада за мене и пакетче кафе за тато и мама, или ѕвонат по телефон.

Научив дека смокито,чоколадата и кафето што ги носеа во време на липовото цутење нашите гости со заедничко име се викаат   МИТО. Значи, во тоа време од годината ни се собираше еден куп Мито  смоки, Мито - чоколада и Мито  кафе. Но, на подзаборавените пријатели како да не им беше мило тоа име, им беше непријатно кога тато и во  шала го изговараше и образложуваа дека обичајот си бил  таков,  дека со празни раце не се идело на гости. А и оддамна, кога ли последен пат било тоа, не се виделе. Оттогаш децата испораснале -  ихихиии! А синот, каква случајност учел кај тато.

- Се шегуваш!  божем изненаден е тато, - Како сум можел да не го познаам твојот Добре!?

- Далибор!  го поправа гостинката, - Се вика Далибор.

- Што, зарем не го крстивте по татко ти? го

прашува тато чичкото.

- Сакавме, - вели тетката и се правда - Ама малку застарено ни се чинеше името на свекорот. Што би се рекло  демоде.

- Колкаво арсланиште само порасна!  вели гордо чичкото.

- А како е со оценките!  прашува тато, божем не знае каков може да биде кога тие доаѓаат со еден куп Мито подароци.

- Уште од чистачот му недостига единица!  се натажи лицето на чичкото, многу мака виде додека го кажа тоа.

- А, бистар е за бистар!  рече сега помалку срамежливо, помалку гордо тетката, -Ама книга не фаќа. Како некој чумосан да ја држел пред него.

- Ајде, нека е жив и здрав!  ги теши тато, - Сето останато ќе си дојде со времето.

- Тоа е најважно!  се придодава сега и мама, - Од здравјето нема ништо поважно.

- Здрав е како дрен!  дали чичкото не ја сваќа пораката на тато и на мама или умот му е целосно во проблемот , - Ама единиците, пустите, кој ќе и го најде чарето?

- Ќе прочита нешто, ќе ги поправи!  се држи тато до својот став, - Само нека е жив и здрав, тоа е најважно.

Мама и тато влегоа во куќата  мама да направи салата а тато да изнесе чаши и пијалок.   Останав сам со чичкото и со тетката на терасата.

Ноќта е топла и мека како кадифе и  дише со мирисот на расцутените липи в долж кејот на реката Отиња.

Чичкото и тетката си разменија прашални погледи, после што чичкото грижливо ги собра рамењата  а тетката нервозно воздивна.

- Не ќе да не огреаа сонце од овој , - рече тетката.

- Ќе видиме!  промрморе несигурно чичкото, - На крајот на краиштата ќе му ветиме нешто. Кажи ми кој не се поткупува!

Оса да го забодеше ѓвалото во моето срце, толку немаше да ме здоболи колку зборовите на чичкото.Тато ниту некогаш се поткупувал, ниту пак си ја продавал чесноста, најмалку кога станувааше збор за неговата работа.

- Не рекле старите бадијала  сит на гладен не му верува!  воздивна тетката, - Тие го немаат нашиот проблем, - потоа покажа со погледот кон мене и отшепоти отровно, - Ова жакржлавено купче месо никогаш нема да оди на училиште. Никогаш нема да имаат проблеми со него.

Новата доза на отров уште подлабоко ми се вбризга во срцето. Што ли луѓе ќе се ова  бараат помош а срцата им се полни злоба и отров!?

Ме исполни дива желба да им вратам на чичкото и на тетката со иста мерка,ама нели бев немоќен да го сторам тоа,поради ограниченоста на говорот, само ги стиснав тупаниците и зачкрипев со забите.

- Зошто ли се мачат со него, та не го дадат во дом?

Ова беше премногу.

Но бев немоќен да им вратам.

Сепак само во првиот миг.

Не и потоа.

А потоа се случи следново: тетката исписка, скокна како попарена од столот и фати да си го брише фустанот со дланката.

Мама сета воспаничена и  притрча во помош со чиста салфета.

Тато рече:

- Ти реков стопати да не му ги даваш количките кога има чаши на масата.

Мама и се извини на тетката.

- Обично не е ваков...

Тетката намести пластична насмевка на лицето.

- Душичка, - рече, - Сака да си игра.

- Воопшто не е страшно, ќе се испере!   потрча чичкото да ја ублажи ситуацијата.

Знаев  во душата и на чичкото и на тетката се беа склупчиле тешки облаци од гнев, но вложуваа усилби да ги сокријат. Нели синот уште од чистачите немал единица!?

Чувствував  во мојата душата  расцутуваше насмевка, невидлива но доволно голема за да го засени  отровот со кој што пред малку ми го наполнија срцето.

Кога си отидоа, долго размислував за зборовите на тетката  Сит на гладен не му веруваг.  И го сватив дека таа имала право -  тие беа сити, дури и премногу сити од здравје.

# Моливот со зајачко срце

Еден молив, еден обичен, најобичен, шарен дрвен молив, или, поточно речено, една третинка од такво нешто што можете да најдете во секоја ученичка ташна, еден ден почувствува нешто необично во своето графитно срце.

Се случи во седмо два одделение и тоа на часот по физика. Додека си го играше своето вообичаено превртување низ прстите на Мики, неговиот бесстрашен сопственик, погледот на тој еднотретински молив за миг одлунѕа четири клупи напред во соседната, средна редица, каде што седеше Гоца, новата ученичка. А во рачето на таа Гоца срамежливо трепкаше со очињата една нова, ганц нова гума за бришење и уште посрамежливо му се усмевнуваше на малиот акробат, така што во истиот миг тој сети некаква струја низ целото свое еднотретинско тело, од што ги загуби здивот и концентрацијата и ТРЕЕЕС! тресна на подот како варовен камен од двовисински разбој.

Класична љубов на прв поглед.

Од тој ден, или најточно, после часот по физика, моливот на Мики сосема се измени.Освен гумата на Гоца ништо друго не го интересираше.

Играле фудбал шесто еден и шесто два одделение големо чудо.

Се степале некои деца носевите нека си ги искршат кога немаат друга, поумна работа.

Мики реди единица врз единица кога имало проблеми со неговите оценки - ќе дојде мајка му и ќе му ги поправи до една.

Беше очи  копнежливо занесени; две реки - поглед, истечени во убавицата гума од втората клупа во средниот ред. Но беше и срце зајачко  плашливо, без храброст да и пријде и да и ги искаже своите чувсвтва. А гореше од дива, пламена желба барем еден час да биде во друштво со неа, по цена и да се степа со техничкиот молив на Вики.

Еден ден моливот дојде на  идеја да и напише писмо на убавата гума и седна да пишува.

*„ Почитувана госпогице гума!“*

Но, само толку.

Не било толку лесно и писмо да се напише. Многу тешко, дури неизводливо, беше да се размота клопчето зборови во главата и да се пренесе на хартијата.

И не само тоа  додека размислуваше како да почне, му паѓаше и една друга мисла на ум  што ако гумата си поигра со искреноста на неговите чувства и го прочита писмото пред целото одделение.

Леле,каков срам ќе биде тоа за него,кутриот! Подобро жив в оган да изгори отколку да се појави во училиштето.

Така, писмото секогаш завршуваше со првиот ред, а потоа во кошничката за отпадоци, како топка за играње кошарка.

Се повлече моливот сосема во јорганот на својата болка. Еднoсмерната улица на љубовта го правеше најнесреќен молив на светот. А тоа видливо се одразуваше и на успехот на Мики во училиштето. Нижеше единица врз единица... Од сите предмети цели ниски единици нанижа.

- Пак немаш домашна, Мики!  мремори наставникот по математика, - Умот никако не ти доаѓа.

- Моливот, наставниче...  се правда Мики, а не знае како да му објасни на  Питагораг.

- Што, моливот?  гледа Питагораг во Мики; чека да  слушне  какво оправдувањето ќе смисли Мики  со моливот.

- Одбива да пишува!  вели Мики сериозно, а децата во класот си ги држат мевовите да не им испукаат од силната смеа.

Питагораг се вцрвува во образите и фрчи на нос:

- Ќе сака! Ќе сака! вели заканувачки, - Ако не оваа тогаш идната година, кога повторно ќе одиш во шесто одделение.

И  фрц!, уште една единица во графата по математика.

Исто е и со останатите предмети. Дури и на часовите од одделенската, наставничката по историја.

- Мики, тикво зелена, знаеш ли ти дека ќе го повторуваш одделението, ако не се разбудиш.

- Моливот, наставничке...- И се правда и нејзе Мики, по којзнае кој пат.

- Ја знаеме веќе напамет таа твоја приказна за мрзеливиот молив Мики.

-  Не е мрзелив наставничке, туку е расеан!

- Расеан си ти, Мики. Расеан како честички вселенска прашина.

И пак држење за стомав, пак експлозии од смеа...

Така до последниот ден од учебната година. А тогаш...

- Ти си виновен за се!  ниту пет, ниту шес туку му откастри Мики бесно  на моливот в лице, - Ти и твојата гума. Пу, кај ми те довеа срeќата несреќо страшлива една?!

А моливот?

Иако беше молив, сепак и тој си имаше свое моливско достоинство и моливска гордост.

- Се тркалало капачето, си го нашло грнето!  му врати тој на Мики и за прв пат не почувствува страв од него.

Бидејќи Мики не очекуваше ваква реакција од својот плашлив еднотретински молив, неколку мига стоеше без зборови, со подзината уста, не можејќи да верува дека токму од устата на моливот  беа излегле тие заjадливи зборови.

- Ти мене ме нарекуваш плашливец?  имаше израз на лицето како да не може да изначуди на тоа што му го кажа моливот.

- Да!  му врати моливот, пак спокојно, ниту око не трепнувајќи

- Јас страшливец!?

- Туку, кој друг?

- Абе, знаеш ли ти, воопшто, кој и стави на наставничката по хемија жаба во чантата?

- Ако беше храбар ќе седеше до Вики и немаше само да ја меркаш од страна и да воздивнуваш во себе!

- А кој му го ишара со шило автомобилот на Питагораг?

- И ќе ги пишуваше заедно домашните работи со неа!   го надвикуваше моливот Мики.

- А кој се тепаше со децата од седмо и од осмо одделение!  викаше Мики.

- Ако бев храбар судбината ќе ме испратеше кај некој новинар или писател!

- А кој... А кој...

Но повеќе немаше зборови за докажување. Затоа пак имаше лутина доволно силна и голема да се урнат три царства, а камо ли да му затвори устата на еден молив и Мики без око да му трепне го искрши моливот на парчиња и го фрли во кошчето, во кое што завршуваа започнатите писма до госпогица гума.

- Јас сум бил плашливец!? не можеше и натаму да се изначуди.

# *Мила*

Пролетта и летото се вистински рај за мене. Нема повеќе седење со денови меѓу четирите ѕида, дишење застоен воздух, нервози кај тато и мама

Значи, штом ќе се потстопли времето, штом сончевите лачи ќе го потпалат огнот во ќумбето на воздухот и од дебелиот кожурец на зимската зачмаеност ќе го измолкнат новиот животот во природата, мама ќе му шепне тивко на тато:

- Да го прошетаме малку, убаво е времето.

И правец парк.

Таквиот живот трае се до доцна есен, кога од сивите буриња на небото ќе почнат да се истураат долгите и здодевни дождови.

Летото е во најголемиот ек. Горештините се неподносливи. Во Отиња нема ниту капка вода, а сепак од неа доаѓа пријатно свежило и се разлива низ проѕирниот сатен на квечерината. Тоа е од прскалките што ја наводнуваат потревнетата површина по нејзините брегови.

Во паркот секогаш има еден куп народ. И дедовци и баби, и татковци и мајки, но најмногу има деца. Клокоти животот, дише со едни ширум отворени дробови

Тогаш прв пат ја видов. Првин и се налутив, многу и се налутив, оти постави глупаво прашање, најглупавото што можеше да го постави:

- Зошто не го извадите од количката да си игра со децата?

Прашањето, се разбира, им беше упатено на мама и на тато?

Глупава една, кај најде тоа прашање да им го поставувиш!? , писнав во себе и ја фрснав со лут поглед.

Таа не гледаше во мене и не го улови мојот поглед. Сеедно. Во првиот миг тато и мама се збркаа а потоа мама си ги собра распрснатите мисли и топло рече.

- Оти го болат ноцињата, душо.

Тогаш таа ми пријде мене.

Сигурно сеуште носи памперс!г, помислив а помислата беше резултат на првата проценка за нејзините години - ќе да ги имаше помеѓу пет и шест.

- Како се викаш? ме праша.

Всушност, тоа не беше прашање туку од устата на девојчето како да излета јато малечки славејчиња. Колку само нежен беше нејзиниот глас како бакнеж на утринска роса врз образ на синоличка, како миризба на зумбул или босилек на ширум отворен прозорец во доцни, вечерни часови, како шепот на свила

Исчезна помислата на глупавото прашање.

Исчезна и лутината.

Ја погледнав. Во косата и беше собрано сето злато на сонцето што пред малку се стопи над ридот а од под локнестите кркмни кон мене се отвораа две меки, осончени ливади. Од розовото фустанче се подаваа две рачиња, нежни и фини како да ги замесил некој слаткар од ванилла и од месечково млеко.

Може ли некој да држи лутина пред такво прекрасно суштество?

- Мики, - И го кажав името, - Се викам Мики.

- Многу ли те болат ноцињата? го собра таа сето сожалување на светот во гласчето

Тоа е премногу комплицирано за нас двајцатаг, сакав да и речам за да ја сменам болната тема без да ја навредам,ама не и реков ништо околу тоа  за мене е комплицирано и да се обидам во себе  да изговорам една таква реченица, па затоа и ја подадов количката што ја држев в рака

Ти се допаѓа ли?  ја прашав, - Ја крстив Хонда.

Не беше многу восхитена од Хондата.

- Јас имам полна витрина со барбики.

Беше вистинска жива Барбика.

- Често ли доаѓаш овде?  ја прашав.

- Не, ама отсега па натаму ќе и здодевам на мама да ме донесува почесто. Сакаш ли да ти бидам другарка.

- Јас немам другари. Со мене никој не сака да си игра!  ја наведнав главата.

Тоа е вистина  сите деца што доаѓаат кај нас дома се интересираат единствено за моите колички. Не ми требаат такви другари!

- Жално е кога немаш другари! Јас ќе ти бидам другарка!  рече одлучно, - Ако ти сакаш?

Дали сакав!? Нејзината понуда беше како седмица на лото.

Но не стигнав да и одговорам, да и кажам колку ме радува тоа што таа сака да ми биде другарка  еден облак со форма на жена се спушти над нас како фурија и го засолни во истиот миг сонцето на мојата краткотрајна радост.

-Лошотијо една, сиот парк го превртов додека те најдов!  од устата на жената се разлета рој стршлени, - Пет секунди не можам да ти го свртам грбот, а да не ми се сокриеш од очите

И фуријата душмански го исплеска девојчето со сончево злато во косата и го одвлече со себе.

- Не гледаш ли дека детето е нездраво?  од осилото во поганата уста се ралетаа нови стршлени, полути и со џвала што оставаат длабоки лузни во душата.

Ме здоболе, ми ја испече душата киселината на џвалата.

Поганата уста го рече тоа  како јас да бев болен  од чума, или од колера, или од лепра..

Но многу повеќе ме здоболе плачот на девојчето.

А не ја ни прашав како се вика, помислив.

Во мислите ја нареков МИЛА. Тоа име најубаво се совпаѓаше со нејзината појава.

Од таа ноќ изгубив желба да одам во паркот.

# МИЛА

# И

# МИКИ

# Принцот од колибата

*Тој што тргува со љубовта*

*целиот живот е сиромав.*

- Од пилиштерец го изгледав... Од волкаво голиштарче.

Не беше тоа обична  една од оние, во стилот на еве ме што сумг самофалбите. Старите гулабари, на кои им беа упатувани тие зборови, во гласот на детето откриваа и гордост, и радост и љубов, какви ретко кој од нив можеше да пронајде во бунарот на својата душа кога зборуваа за своите гулаби.

- Не постои такво богатство на светот што ќе ме премисли да гопродадам!  решително, непоколебливо ги одвраќаше Мики старите гулабари, ги отфрлаше нивните пари и сите други понуди што ги нудеа за младиот гулаб со силни, бели како снег гради, кои уште и овде  онде беа попрскани со дамки од кафе.

Имаше и причина: кога почнаа пердуви да му го покриваат слабото тело ( од тој спомен како од силен, незапирлив вруток во срцето на Мики навираше топла тага ), значи, уште додека беше непролетче неговата мајка ја фати сокол. Се зададе грабливецот ненадејно, чунки од сонцето се испили тој момент, се стрелна со брзина на молња врз неа и јараскина уште во летот со силните канџи. Имаше само едно малечко. Всушност, ги испили три, ама двете и ги изеде стариот мачор на соседот дедо Петре, а тоа, сиромашкото, можеби оти беше слабо  коска и кожа, не му го дразнеше апетитот на арамијата па куртули од неговата лакомост.

- Ќе биде од тебе првокласен акробат!  му шепотеше Мики, го галеше нежно со детските прстиња, го бакнуваше, ама се така, повеќе од жал за малечкото отколку дека веруваше во тоа, и го хранеше со муви, со гасеници, со ларви, со секакви инсекти го хранеше, а тоа пак, за чудо, како да се хранеше од сокот на неговите зборови, па од ден во ден стануваше се поубаво и поубаво: градите му се исполнија, зајакнаа, пердувот доби бела, снежнобела боја, а потоа, Мики и не забележа како, ниту точно кога, по телото му се појавија светлокафеавите дамки, го ишараа, уште повеќе му ја разубавија раскошната снага.

Од ден во ден птицата раснеше, зајакнуваше и се разубавуваше, а истовремено со него раснеше, набабруваше и се посилно и посилно биеше срцето на Мики под силата на прекрасното чувство. А кога гулабот, еден ден, се крена со останатите гулаби во небото и ги направи, помалку плашливо, првите акробации, Мики почувствува како една сила го креваше и него кон небото, така што и самиот, еден миг, се почувствува гулаб. Потоа, скоро редовно му доаѓаше еден те ист сон  како му пораснале крилја место раце и се вивнуваше заедно со дамчестиот белец во сините височини, а таму, заедно, уште какви ли се не акробации изведуваа.

Гласот за гулабот брзо се прошири помеѓу гулабарите од неговото маало, а потоа и низ целиот град. И најпрочуените гулабари дојдоа да го видат тоа чудо од пердуви што магепсува и го плени здивот со своите акробации во воздухот. Доаѓаа од сите маала  и познати и непознати одгледувачи на гулаби, аматери и професионалци, но никој, ама баш никој не можеше и не сакаше да го сокрие восхитот што со сила на вулкан еруптираше кон небеските височини каде што дамчестиот принц се издвојуваше од толпата гулаби со своите, веќе прочуени, акробации.

Еден ден гулабарникот на Мики го посети и најголемиот авторитет меѓу гулабарите во градот, чичко Станко. Тој, чичко Станко, дома имаше полни витрини со пехари, медали, дипломи од секакви натпревари и смотри на гулаби.

- Слушај, синко!  на одење, авторитетот со многу искреност во гласот му рече  на Мики, - Вистината вели вака  овој гулаб не е за твојот гулабарник. Тој е роден за смотри и за победи. Кај му личело на принц да живее во колиба меѓу селани, да си признаеме! Кажи колку пари сакаш за него и да направиме јас и ти убав пазар  ти ќе имаш пари за нов и убав гулабарник, јас гулаб за нови трофеи. И уште цело јато гулаби за него ќе ти дадам.

Нешто го боцна малечкото срце на Мики. Навистина, споредбата начичко Станко беше на место,  дамчестиот белец навистина беше како принц во колиба,ама тој, авторитетот број еден меѓу гулабарите во градот знаеше ли со колку љубов, топлина и радост Мики го крена својат гулабарник на она малку местенце зад нивната куќа, стара и дотраена на периферијата од градот? Собираше лимени кутии од конзерви, ги отвораше со мака со невештите прстиња, ги ковеше... Од внатрешната страна искова картони, парчиња стари, нагниени даски, а шуплината помеѓу нив и лимот ја исполни со струготина за да им биде потопло зиме, а постудено лете. Ниту еден гулабарник на светот немаше во себе ѕидано толку љубов и топлина, колку што имаше неговиот.

А имаше и друга вредност, само таму, во гулабарникот Мики можеше да заборави на сиромаштијата што го следеше како сенка секој негов чекор.Таму се чувствуваше богат и среќен и не мислеше на ништо, ниту на тоа дека татко му ги напушти него мајка му и двете сестрички  кога Васка, помалата, сега петтоделенка, уште беше пеленче, дека мајка му со својата мала плата како работничка во оранжериите едвај крај со крај врзуваше, дека носеа дреи од Црвениот крст...

Да, само тука, во гулабарникот можеше да го почувствува билото на животот  тука неговиот живот се осмислуваше, добиваше форма и облик.

Нешто го боцна малечкото срце на Мики, а по  неговите очи се распосла горшта пајажина што предизвикува  топла влага и го заматува погледот.

- Во гулабарникот сите гулаби се исти, чичко, - собра Мики сили да го погледне стариот гулабар в очи, иако нешто во срцето му се противеше да го стори тоа, по го впери погледот кон небото, - Но таму, горе... Таму тие стануваат принцови.

- Ви право си!- се согласи со него чичко Станко, - Ама вистината вели и вака  гревота е да му го ускратуваш задоволството на победата на тој што е роден да победува.

- Чичко, непотребно си ги трошиш зборовите! - остана Мики на своето, - Попрво себеси ќе му се продадам на ѓаволот отколку да го продадам гулабот некому. А што се однесува до наградите, најголема награда за него е мојата радост. Кога ми колве од дланката тој не колве само жито, туку колве и од зрната на мојата радост.

Така заврши нивната прва средба, но тие што го познаваа чичко Станко, знаеја дека тој не се откажува толку лесно од квалитетен гулаб и дека пак ќе наврати.

А така и се случи - чичко Станко уште неколкупати го посети гулабарникот на Мики и секојпат со нова и попримамлива понуда за гулабот, но Мики секогаш остануваше на својата одлука.

Последниот пат тој доведе со себе двајца полицајци и тројца мажи во цивилно.

Стоеја пред гулабарникот. Чичко Станко го протињаше погледот низ мрежичката во гулабарникот, покажуваше на нешто внатре со прстот, а потоа на полицајците им покажа нешто како фотографија, а кога тие убаво, до детаљ ја изгледаа фотографијата, погледнаа и тие низ мрежичката во гулабарникот, а потоа и тројцата во цивилното го направија истото па сите заклимаа со главите.

Мирис на злоба,  на неправда, на расипани души се рашири низ воздухот и Мики го улови тој мирис и почувствува страв во душата.

Дома немаше никого: мајка му беше на работа, сестричките од училиште одеа веднаш на Англискиг во Пионерскикот дом.

Стравот му го замати умот. Срцето му се исполни со паника и силно зачука. Тој го фрли ранецот и се обиде да побегне низ сокачињата, ама чичко Станко го виде и за час униформите се пуштија по Мики, а онаа, побрзата го стаса со неколку чекора, го зграпчи цврсто за јаката и го крена во воздухот.

- Полека, пиленце, првин да расчистиме некои работи.  рече гласот од униформата што го крена во воздухот.

- Сакаш да бегаш, пиленце!  беше задишана втората униоформа, која помалку наликуваше на буренце и имаше црвено лице, - Е не се бега така лесно од рацете на законот!

Едната униформа го фати за левата мишка, другата, онаа што личеше на буренце  за десната и го одвлекоа како злосторни задкуки.

А потоа, потоа се беше како во сон. Виде во сопствената замаеност еден транспортен кафез, виде кршење на катинар, виде кружење на некаква фотографија пред погледите на униформите и на цивилите, виде климање на пет глави и слушаше зборови, слушаше објаснување, но од сето тоа ништо не успеа да разбере оти во ушите страшно му бучеше, така, како во мозокот да му сообраќаа сите брзи возови на светот и чувсвуваша како срцето му се стега, како очите му се полнат со солзи...

- Слушај, синко!  го  врати делумно од кошмарот гласот на чичко Станко, - Вистината вели вака: ти си го украл мојот најубав сокол. Јас ќеречам вака  го подбркал соколот, па побарал засолниште во твоето, да го наречам  гулабарниче, а ти, божем не си знаел чиј е, си го затворил и чекаш да се појави стопанот. Е, па, вистината сега вели дека јас сум тој, стопанот негов. Еве, и ови чесни луге, - тој покажа на цивилите, - И тие ми се сведоци колку труд вложив во него...

Мики не рече ништо. А што можеше да каже едно дете од тринаесет години кога законот, овојпат, беше на страната на опачината на вистината?И нем, и глув и скаменет тој гледаше како дамчестиот белец го напушта неговиот двор во транспортан кафез за гулаби и знаеше дека никогаш повеќе нема да го види, дека птицата никогаш повеќе нема да му слета на дланката, да му колва од неа, да го оживува местото зад неговата куќа со посетители, да му го полни срцето со радост...

Беше немоќен да се бори за гулабот да го задржи. Наместо тоа:

Од пилиштерец го изгледав..., заплака горчливо во себе, Од голиштерец...

# Вујче

Вујче е Бундес лигаг. Сила од човек. Особено кога сум јас во прашање. За мене планини со раце ќе прокопа и ќе им направи пат на моите желби. Нема сила ниту пречка што може да се испречи помеѓу него и моите желби.

Кога доаѓа кај нас со себе влече полни кесиња. А ќесињата секое од нив е новогодишно пакетче: чоколади, наполитанки, бисквити, тетрапак овошни сокови, гуми за џвакање, смоки, соленки, јужно овоштие... Со очите да се најадеш.

- Си можел и сета продавница да ја донесеш! го караат мама и тато, - Знаеш дека има се.

- Нека јаде! ме зема вујче и ме крева високо до таванот, - Треба да биде силен, ако сака да биде мајстор шоферг, како мене.

Се радувам секогаш кога ќе дојде вујче. Не, не е тоа поради полните ќесиња. Тие по малку ми одат и на нерви, оти некои од продуктите ќе морам со сила да ги изедам. А тогаш настанува мала војна помеѓу мене и мама.

Вујче има Фиат Пунто. Темно зелена боја. А тоа значи дека ќе има возење до бесвест. Како и секогаш.

И додека вујче ме држи така кренат до таванот во неговите раце, во мене се буди ѕвончето на радоста и весело заѕвонувам:

- Вууујчееее! Ќе се возиме ли, бе?

- Туку што!?  вели вујче и ги вади клучевите од автомобилот, - Но, кој ќе биде мајстор шоферот?  ме задева, - Јас сум изморен, цел ден возев.

- Абе, јас!  скокам весело во неговата прегратка.

- Внимавај да не се испоти!  не заборава мама да не опомене.

-  Ајде, пак, ти! Божем првапат да ми е?  и враќа вујче.

Миговите со вујче ми беа најубави. Можев со часови да вртам на воланот, да свирам на сирената, да ги вклучувам трепкачите - слободно и без страв дека нешто ќе расипам.

- Нека расипе!  му рече еднаш вујче на тато, - Па, тоа е обична машина, да му се невиди! Се што ќе расипе, може да се поправи.

И тато повеќе не се мешаше во нашето возењег.

Ама еден ден вујче реши на местото на старата куќа да изгради нова. Треба да донесе вујна, а која вујна денес сака да живее во стара куќа.

Така мислеше баба Кока.

Тоа со вујната беше убаво, но не и тоа што вујче мораше да го продаде Пунтото за да ја догради куќата.

Бев несреќен, најнесреќен на светот кога мама му ја соопшти на тато таа вест. Тоа значеше само едно - ќе нема повеќе возење, вртење на воланот, свирење со сирената...

Каде сега ќе си играм мајстор шофер?

А и многу се бев  зближил со автомобилот, како со живо суштество, па ме притискаше и некоја жал за него, така, како некој да ми го украде најдоброто другарче.

Во тој миг како да ми го украдоа сето животно задоволство.

Се почувствував празен во душата.

Како портокал без сок.

Како книга без страници.

Како река без вода.

Како шума без птици.

Како небо без сонце.

Како...

- Не те сакам, оди си! Ти си лош вујко! му се налутив сериозно на вујче кога дојде кај нас првиот пат после продавањето на Пунтото.

Залудно вујче се обидуваше да смисли начин како да ме расположи. Му се налутив и точка.

Така, тој ден тој си отиде тажен од кај нас. Уште и со болка: во душата, во срцето, во мислите.

Но нели вујче е сила од човек. Бундес лига. Знае тој дека ќе тагувам поради тоа што го навредив, дека ќе се јадосувам во себе што бев



себичен, суров и груб кон него... Затоа, ете ти го него утредента, како ништо да не било, пак кај нас, со сончевата насмевка на лицето, и уште од вратата прашува:

- Има ли овде некој мајстор шофер?

Па вади од џебот клучеви и тропка со нив во воздухот.

- Има или нема!  гледа вујче во мама, чека да се огласи моето ѕвонче.

А на него не му треба многу време за да одѕвони:

- Абе јас суме, бе вујче!

И скокаме заедно, јас и моето срце, од радост и од голема возбуда во фотелјата, а потоа и во прегратката на вујче.

А надвор, на тротоарот предкуќи, изненадување  паркирал вујче голема сребрена лимузина, поубава и од пунтото.

- Од каде ти е сега ова чудовиште?  се чуди мама; се познава дека автомобилот е многу скап, прескап за џебот на вујче.

- Рента кар, - вели вујче важно, - Ако не си знаела тоа ти е агенција која издава автомобили од ден.

- Леле, колку ли ќе те чини!  се загрижи мама; таа секогаш повеќе гледа  на работите од нивната материјалната страна.

- Колку и да чини, од ќеифот не ќе да е поскапо.

- Вууујчеее! Абе, јас ли, бе, ќе ја возам?  се придаде моето ѕвонче: загриженоста на мама внесе во неговото треперење тивок страв од вредноста на лимузината  ако е многу скапа, веројатно нема да ми дозволат да вртам на воланот за да не расипам нешто.

- Туку кој?  го скрши стравувањето во мене гласот на вујче.

Навистина е сила. Прва лига од ВУЈКО.

# Снешко

- Мамо! Мамо!  внесе Мики возбуда од дворот во кујната, каде што мајка му беше зафатена со подготвување на појадокот  мекици пржени во масло од мослинка, -Мамо, во дворот изникнал снешко, излези да видиш!

На носето му се аловеше бакнежот на студеното зимско утро.

Не прекинувајќи ја работата, мама погледна во Мики и испрати некаква смеса од лутина и грижобер.

- Аман бе, дете, кој излегува во пицама на ваков студ!? Ќе те прикове некоја настинка за креветот И тој, татко ти, пет минути не може да внимава на тебе!

Мама има чудна дарба да го расипува расположението

Требаше веднаш да се отиде  кај тато. Тато секогаш имал повеќе разбирање од мама. Но сега повеќе немаше потреба да се оди кај него за да се соопшти радоста, оти тато во тој момент влезе во кујната со многу, многу глад собран во едно прашање:

- Ќе биде ли најпосле готов тој појадок?

Мики сега ја пренесе возбудата кон тато:

- Тато, во дворот никнал снешко!

- Каков снешко?  праша тато отсутно оти мислите му беа во празниот желудник.

- Голем Поголем од мене. Еве, волкав!  покажа Мики со рачињата.

- Ќе направиме, првин да појадуваме!  вети тато, сваќајќи ја возбудата на Мики како сугестија, наречена  правење снешко.

- Ама тато, во дворот веќе има снешко, излези да видиш!

Сега во собата влезе и баба и Мики побрза да и го соопшти утринското откритие и нејзе.

- Бабо, во дворот никнал снешко!

- Кај се видело, чедо, снешко да никнувал? се зачуди баба, - Та не е снешко дрво па да никнува како од семка!

- Е овој никнал баш како од семка! се заинаети Мики, - Впрочем, ако не ми верувате, излезете надвор па ќе видите.

И навистина беше така.Надвор, во дворот, стоеше снешко, поголем од Мики, со лонец на главата и метла наместо рака.

- Навистина никнал! се зачуди тато.

- Баш какао од семка! се зачуди и мама.

- Божји знак ќе да е ова! - прокоментира баба по свое и се прекрсти.

Се уверивте ли сегаг, сакаше да рече Мики, да се направи важен дека прв го открил снешко, дека



друг пат трба да му веруваат, но еден друг филм му се разви во мозочето и тој праша,

- А каде е дедо?

И тато и мама и баба прашално се погледнаа.

Навистина, каде е дедо!? Тој секое утро прв ќе се разбудеше, па ќе се растропаше безобѕирно и несмасно низ бањата и кујната и ќе ги разбудеше сите во куќата.

Потоа:

Мама развлече едно долго и сомнително  Аха!

Тато се плесна со дланката по челото.

- Па, да!

Баба слатко си се насмевна.

- Вампир еден, а јас за малку ќе поверував во божје чудо!

И појдоа да го бараат дедо.

А дедо се стуткал под јорганот , па рчи и си го сука мустаќот во сонот.

И тато и мама и баба, сите се видоа во неговиот сон  зачудени и вџашени пред никнатиотг снешко, како патници од некое друго време и од некоја друга планета.

-Нека спие! Заслужил да си поспие подолго денес, - рекое сите.

# Во кафезот на зимата

Затвореници сме на времето. Веќе петта недела. Во малечок, едноsобен стан. Надвор студот оддамна го подмрзна снегот, го сќутучи, па сега снегот му враќа за услугата  го прави уште посилен, полут, безмилосен.

Студот во станот ни всели една гостинка по име Здодевност и таа за брзо време си се одомаќини, го окупира секое катче. Стана поздодевна е и од самото нејзино име, ама ајде ако можеш набркај ја! Надвор ветрот штипе со едни невидливи,остри канџиња по лицето, се вовлекува во коските, сее болест врз болест А мене грипот  едночудо лесно ме наоѓа

Децата од соседството направиле лизганица  пред зградата па така весел џагор се разлева низ студениот зимски воздух од утро до мрак, ми ги скокотка ушите и ја дразни мојата мака.

- Тато, дали сакаш?  по којзнае кој пат одронувам една иста молба.

-  Што, дали сакам?  по којзнае којпат тато се прави дека не знае.

Умилно, со крокост на срна во очите, гледам во тато.

-  Дали сакаш да ги прошетаме ноџињата по снегот? откинав полека, со мака, плеткајќи го јазичето.

Зборче по зборче.

Не, зборчињата со мака ми се испилуваат од врвот на испруженото јазиче и полетуваат како пеперутки, тивко прпкајќи се меките крилца низ собата.

- Сакам,ама многу е студено надвор. Ќе се разболиш, - ме одвраќа тато од желбата, а јас знам, од неговите очи читам дека во душата му се има собрано целиот бигор на светот, се наталожил цела планина и го

притиска и гуши внатре, во срцето. Уште знам и дека длабоко во себе се јадосува бидејќи не може да ми угоди и го проколнува времето, дека на моменти дури и му доаѓа да заборави на студот и на мојот слаб имунитет и да ме изнесе надвор, ама разумот брзо го совладува и разговорот се завршува се бедна утеха:

- Уште ден - два - вели и гледа низ замагленото стакло на прозорецот, - И по цел ден ќе ги шетаме ноџињата.

Но на небото се трупа ново сребро и taложи нови грижи во мислите.

# Кога тато е мама

Мама е страв и трепет за децата. Не, не е мама ниту страшило,ниту вештерка, ниту Баба Рога.И децата, рака на срце, не се плашат толку од мама колку што се плашат од нејзиниот бел мантил. Оти сите тие однапред си знаат: кое како ќе влезе во нејзината ординација, таа ќе го преслуша со слушалките, ќе му ѕирне во грлото, ќе заврти со главата што би значело, не е се како што треба, па ќе рече:

- Пет инјекции од тие и тие...

Или:

- Седум инјекции од тие и тие...

Значи, секому според болеста.

А општо позната вистина е дека ние децата повеќе се плашиме од инјекции отколку од сите вештерки, плашила и Баба Роги на светот.

Да, мама е лекар во Училишниот диспанзер. Или поточно беше.Сега е на специјализација во Скопје. Не е важно. Додуша, за оваа приказна не е важна ниту мама, ама сепак морам да ја споменам, колку да не ми се налути.

Важен е тато. Е, а тато е вистинско злато. Таков татко нема да најдете во целиот свет и уште во три галаксии, верувајте ми! Откако отиде мама да специјализира педијатрија, тој ни е и тато и мама. А тоа значи дека покрај неговите обврски мора да ги врши и обврските на мама. Дома, се разбира. А тоа воопшто не е лесно меѓудругото, тато да биде мама на две деца, па уште и девојчиња. Оти, со момчињата сетуку е полесно. Ама ајде излези на крај со две девојчиња кои за на училиште треба да бидат беспрекорно испрани, испеглани, исчешлани... Со еден збор, да изгледаат како кукли.

- Тато, погледни какво ми е фустанчето!  се тувка Олето, мојата помала сестра, - Пак не си го испеглал како што треба. Учителката секогаш ми вели дека изгледам  Како крави да ме џвакалег.

- Крави умот и го паселе, многу знае таа!  се брани тато, па гледа во часовникот и врие во себе  зарем пак ќе задоцни на работа?

Потоа се мачи мене да ми ја облече кошулката на Олгица и паѓа во долго чудење.

- Колку само брзо растат децата, да не верува човек!  мисли дека сум ја израсналамојата кошула.

- Ама тато, тоа е кошулата на Олгица!  му велам а во душата ми станува смешно.

- Како да не!  се инаети тато, не сака да си ја признае својата збрканост, - Денес ќе ви купам еден куп нови кошули и фустанчиња!  и брза да си ја најде мојата кошула.

Утринското чешлање е најболната п-риказна од нашето секојдневие со тато како мама.Но за тоа нема да ви раскажувам,оти цели страници со офкање можам да испишам. Многу повесело е да го видите тато в кујна. Леле, навистина, да видите само колку е трапав, несмасен и многу, многу смешенкога ни прави јадење! Како крап на суво. Ќе ја облече престилката на мама, ќе го отвори куќниот готвач, па чита, мрмори, мрмори, чита, џбара по креденчињата, вади од нив потребни и непотребни зарзавати за неговиот прочуен специјалитет А ла Васко... Ама тато везден мора да погреши некаде: ту ќе стави премногу или многу малку вода па ќе го извади недопечен или загорен неговиот специјалитет, ту ќе го пресоли, ту место сол ќе стави шеќер или сода... На крајот секогаш ќе седне очајно, ќе ги крене жално рамењата и ќе ја изговори неговата прочуена мисла:

- Лекар - специјалист в куќи  тоа е во ред, ама татко да биде мајка...

Тука ќе замолкне, ќе одмавне со раката, ќе ја слече престилката па ќе нарача по телефон нешто за јадење во некој ресторан.

Тато е во војна и со машината за перење алишта. Но ако со кујната веќе следниот ден мора да потпише примерје, со сиромашката машина тој се скара сериозно, конечно, официјално и доживотно. И се само заради тоа оти еднаш заборавилада го потсети да и стави прашок за перење, а вториот пат да и пушти вода. Се случува секому да заборави, но за тато нејзиното заборавање било непростливо, оти го чинело многу пари за поправка.

Да, токму таков беше тато првите неколку месеци од неговиот тригодишен мандат на МАМА: трапав, несмасен, расеан, нервозен... И уште каков не? Ама пробај денес вака, пробај утре теака или онака и тато, нема да ми верувата, се испраксира и толку ја усоврши улогата на мама, што дома повеќе не се чувствуваше недостиг на женска рака.

- Дадо, знаеш ли ти дека утре е Осми март?  ме прекина Оле додека се мачев да ја соцвакам последната задача по математика, Што ми беше за домашна работа, ден спроти големиот празник на мајките.

Беше возбудена како Колумбо кога ја открил Америка.

- Зарем навистина е?  и вратив дрско, лута дека ме прекина, - А јас пак мислев дека е Нова Година.

- Треба да му купиме подарок на тото!седна

Оле до мене и си продолчи онака наивно, како што си умееше.

Чудно како во истиот тој миг очите не ми испрснаа од вџашеност.

- Шашардисана една!  викнав, - Осми март е празник на мајките.

- Ако може да биде на мајките, може да биде и на тато!  се заинаети Олгица.

- Е не може и  точка! не сакав да и останам подолу во инаетот на Олгица.

- Е може! тропна Оле со ногата,-Ако сакаш

изеди си ја и тетратката од инает, ама за тато може! Кога тој може да ни готви, да не пегла, да не чешла, кога тој може да ни биде и мама и тато додека мама не е дома, можеме и ние да му купиме подарок за Осми март! Ако не... се закани , а гласчето и затрепери, - Ако не ќе плачам и нема повеќе да ти зборувам!

Кога Оле ќе рече дека ќе плаче, таа и навистина ќе го стори тоа.

Ја гушнав. Не оти се плашев дека навистина ќе плаче, па после ќе треба да и дадм да си игра на компјутерот за да ја смирам. В тој миг, замислете, мојата сестричка порасна за неколку години во

моите очи. Навистина, кога тато можеше да ни биде и мама во исто време, кога успеваше секогаш да излезе на крај со нас двете, кога...

- Леле, Оле, какво златце си да знаеш само! ја цмокнав радосно во обравчето, ја гушнав уште посилно, - А мене, проста, тоа ич немаше да ми текне.

Нека ми простат сите мајки на светот, ама ним им е лесно да бидат мајки кога тоа се навистина. Но кога тато е мама... Зарем не е во ред тогаш Осми март да биде и негов празник?

# Наследник на рајот

Честопати, кога сме си сами со тато, тој ќе ми рече:

- Ти си наследник на рајот. Не си единствен ве има многу низ светот. На вашите чела е удрен печатот од тапијата на рајот.

- А зошто токму ние?

- Затоа што вие нема да направите ниту еден грев во животот. Бидејќи никому нема да му нанесете зло. Најверојатно и господ затоа ви скратил многу од земските радости...

И тука завршуваше нашиот разговор на таа тема. Едно, оти не го разбирав во целост филозофирањето на тато, а второ оти се плашев да го продолжам разговорот и да прашам за рајот од проста причина - да не добијам одговор што ќе ме разочара.

Но еден ден, кај ли најдов храброст, го прашав.

- Тато, убаво ли е во рајот?

- Рајот е најубавото место каде што може да отиде човек.

За мене најубаво место беше Пониква. Таму еднаш бевме на излет со Емилија и со Горан.

- Поников е рајот на земјава, мило - ме погали тато по косата, - Овој рај е нешто друго. Тој е горе, на небото.

- Можеме ли до таму да отидеме со автомобилот на Горан?

- Не!

- Само со авион?

- До таму се патува само со чиста душа. А твојата душа е почиста и од најчистиот кристал.

Приказната за рајот почна да ми се допаѓа, да ми ја расчепкува фантазијата, а мојата ситуација да ја сваќам како награда, но од кого, ниту самиот не знаев.

- Тато, а ти и мама ќе бидете ли со мене таму, во рајот?

Моето прашање го натажи тато. Неговото лице ми заличе на свенатите висибаби што тој и ги донесуваше во мали буќетчиња на мама на крајот од зимата, кога се топеа последните снегови.

- Не верувам, - ми призна, - На тој пат ќе патуваш сам.

Се натажив и јас. Беше болна, премногу  болна и смата мисла дека е можно да се разделам од тато и од мама, да не бидеме заедно.

Во тој случај, нека биде рајот и стопати поубав, ако сака, но јас не одам во него!г се зареков во себе.

Тато ја разбра мојата тага; ме гушна топло и така гушнати се спруживме во креветот. Обајцата чувствувавме голема изнемоштеност во душата.

Заспавме така, гушнати.

Никогаш повеќе нема да побарам од него да ми раскажува за рајот. Нека одат во него тие што не сакаат да бидат со своите татковци и мајки.

# Интересно семејство

- Дин  дон! Дин  дон!

Едвај да беше поминала некоја минутка после десет часот претпладне, кога домашното ѕвонче весело го отпеа најавувањето на утринскиот гостин.

Мики по навика погледна во часовникот што висеше на ѕидот  никого не очекуваше во тоа време: Татко му беше на работа, мајка му пред малку излезе в чаршија, а со Петре и Павле беше договорен за единаесет часот.

- Диндон! Диндон! Диндон!  ја повтори ѕвончето песната, но овој пат малку нервозно.

- Доаѓам! Доаѓам! се одѕва Мики, ја прифа- ти песната на ѕвончето и побрза да види кој е.

Надвор стоеше еден чичко, со кожена чанта преку рамото и џбараше по еден подебел кочан од некакви си талончиња.

- Претплата, синко, - ја размота чичкото мрзеливо реченицата и продолжи си да џбара по чанот.

- Каква претплата?  праша Мики.

- Телевизор,радио... Тоа што имате.

Татко му и мајка му го учеа кога ќе дојде чичко како овој да кажува дека тие ништо од таквите апарати немаат и Мики рече:

- Чичко,ние немаме ништо од сето тоа.

Чичкото мигновено го крена погледот од кочанот.

- Гледам и јас дека немате, - се сложи со Мики, па нагласи, - Ама пријавено.

Мики помирливо ги крена рамењата.

- Сирмаштија, чичко. Само дупки за крпење.

Инкасаторот се закашла;издивот му застана како топче од влакна во грлото, така што за малку ќе се засркнеше од сопствениот воздух. Потоа го изгледа Мики од главата до петите.

- Ама ти синко, не си облечен во крпи.

- Да, ама вчера да ме видевте  се крпа врз крпа бев.

- аиии! -  ја прифати инкасаторот играта, ама во сабе почнуваше да врие, - И дојде Дедо Мраз и те облече во нови алиштенца.

- Не, туку еден чичко од црвениот крст.

Инкасаторот се повеќе губеше од трпението. Детево си игра мајтап со мене!, помисли. А беше непогрешливо, стопроцентно уверен дека тие имаат и телевизор и радио, оти секогаш кога минуваше покрај нивната куќа слушаше музика.

- Слушај ти... стана сега груб неговиот глас,

- Не играј си мајтап со мене оти мав ќе ти е работата! Секогаш кога минувам покрај вашата куќа слушам гласови од радио и от телевизор, ати ми велиш дека немате ништо од сето тоа!

Мики одглуми дека сватил на што цела инкасаторот.

- Сигурно мислите на тато и на мама, - се усмевна скромно и одмавна со рачето, - Само вежбаат во слободното време  тато за спикер,а мама за пејачка. Имаат голема желба да бидат познати личности.

Трпението на инкасаторот сега се расклокоти како зовриен пудинг. Тој го оттурна мики во страна и насилно влезе во куќата.

Неговото мазно и свежо избричено лице доби израз на ликување кога влезе во дневната соба.

- А ова... покажа со кажипрстот на музичкиот систем, - Што е ова!

Чичкото се исполни со чувство на победник.

Но Мики не дозволи да се збрка. Тој го дочека прашањето како веќе да го беше очекувал.

- Тоа е мајка ми!

Отиде до до системот и со прстињата нежно помина по редот копчиња.

- Се вика Пандора, ама ние на глено си ја викаме Панасонче. Еве, видете и самиот колку многу личи на Јапонка.

- А ова!? покажа кажипрстот на чичкото во телевизорот, - Па-на-со-ник! Тоа најверојатно е таткоти.

- Како погодивте?

- Од авион може да се види колку многу личи на Англичанец.

- Мама мисли дека тој повеќе сака да се прави Англичанец, отколку што личи.

Чичкото сети некаква убавина во душата.

- Вие сте многу интересно семејство, - рече.

# ПРВАЧИЊА

Денот е сончев, празничен. Сонцето ги гушка крововите на куките, крошните на дрвјата, песната на птриците, шепотот на цвекињата... Се е полеано со сончевина и болскоти со празничен болскот.

Павле весело поминува покрај нашата куќа придружуван од мајка му и од татко му. На грбот има сино ранче со слика на Бамби, срничката. Ранчето е преполно, му тежи на грбот но тој сепак е весел, во душата му пеат јата славејчиња. Весели се и татко му и мајка му. Лицата им зрачат од веселба како мали сонца.

Денес е првиот ден од месец септември. Павле стана прваче.Ќе учи да пишува, да чита... Ќе учи и песнички... Ќе носи петки, а татко му и мајка му ќе се гордеат со него.

Денот се капи во сонце а мама и тато таат тежина во душата. Ја кријат еден од друг, не сакаат да го распретуваат жарот на болката да не го распламтат нејзиниот оган до очај. Си ги затвориле денес душите, направиле околу нив бедем од сопствената болка и многу малку зборуваат.

Павле ми е врсник. Значи денес и јас, ако не си поиграше судбината со мене, ќе бев прваче и ќе се враќав со славејчиња во душата, држејќи си ги мама и тато за рака, од училиштето.

На моменти помислувам декаа судбината многу побезобѕирно си има поиграно со нив двајцата, отколку со мене. Замислете, и двајцата професори, илјадници деца поминале низ нивне раце, а јас, нивното единствено дете, не можам да одам во училиште!?

Можел ли животот да смисли нешто полошо?

Поголема иронија од таа?

Да, голема е болката на мама и на тато, но еден ден... Еден ден ќе внесам сонце во нивниот живот. Малечко но со многу топлина и со тришповеќе светлина. Ќе ги пречекам од работа наноза, Ќе зачекорам сам кон нив и ќе ги гушнам:

Како сонцето што ја гушка природата.

Како росата што го гушка цвеќето.

Како љубовта што го гушка срцето.

Како песната што ја гушка душата.

Како...

Јас верувам во тој ден. И го чекам со нетрпение на големата порта на радоста.

## СОДРЖИНА

Се викам Мики ……………………………….. 9
Инает …………………………………………..11

Дом ……………………………………………..15

Снег за зимница ……………………………..18

Најважно е здравјето …………………………22

Моливот со зајачко срце ……………………..26

Мила ……………………………………………31

Принцот од колибата …………………………36

Вујче ……………………………………………44

Снешко …………………………………………50

Кога тато е мама……………………………… 56

Наследник на рајот…………………………… 61

Интерсњно семејство ………………………… 64

Прваचиња ………………………………………68

**Издавач**
**МАЛО СОНЦЕ**

**Светислав РАКИЌ**

**„СЕ ВИКАМ МИКИ“**

**Лектор**

**Весна РАКИЌ**

**Корица и илустрации**

**ИНТЕРНЕТ**

**Рецензија**

**Горјан Петрески**

**Компјутерско печатење**
**МАЛОМАЛО СОНЦЕ**